Младински Културен Центар – Битола

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2024

БИТОЛА, МАРТ 2025

## ЗА МКЦ-БИТОЛА

Младински културен центар - Битола (МКЦ-Битола) е непрофитна, граѓанска организација за млади основана во 1999 година. **Мисијата** на МКЦ-Битола е обединување и развој на креативните потенцијали на младите луѓе и поттикнување на граѓанскиот активизам.

Долгорочни цели на МКЦ – Битола се да го промовира волонтерството, да го афирмира неформалното образование, да ги развива демократијата и граѓанското општество и да ја поддржува урбаната култура. Работиме на 5 стратешки приоритети:

1. УНАПРЕДУВАЊЕ, РАЗВОЈ И ПРОМОЦИЈА НА ВОЛОНТЕРСТВОТО
- Да поттикне одржлив развој на Волонтерски центар на Македонија (ВЦМ);
- Да го промовира волонтерството и волонтерските вредности;
- Да дава придонес кон овозможувачка околина поволна за волонтирање во Македонија
2. ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ, ЗНАЕЊА, ВЕШТИНИ И МОБИЛНОСТ НА МЛАДИТЕ ПРЕКУ НЕФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ
- Да ги подобри компетенциите на младите и нивната вработливост
- Градење на партнерства и вмрежување
3. РАЗВОЈ НА ДЕМОКРАТИЈА, ЕДНАКВИТЕ МОЖНОСТИ И ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО
- Да поттикнува младинско учество, особено во креирање и подобрување на младински политики и програми
- Да ги развива граѓанскиот активизам и партиципативната демократија
- Да го подобри владеењето на правото преку мониторинг на државни институции во спроведување на стратегии и акциони планови и буџетски процеси
- Правна помош, поддршка и социо-економско зајакнување на ранливи категории на граѓани на локално ниво
4. ПОДДРШКА И РАЗВОЈ НА УРБАНА КУЛТУРА
- Да ја промовира урбаната култура и меѓукултурното разбирање
- Да ги промовира вредностите на УНЕСКО
- Организација на фестивалот Битола отворен град
5. ОРГАНИЗАЦИСКИ РАЗВОЈ НА МКЦ-БИТОЛА
- Да ја направи организацијата одржлива на долг рок
- Да ја подобри ефикасноста во работењето на организацијата
- Континурано да ги јакни капацитетите на персоналот, членството и волонтерите
- Да ја зајакни соработката со бизнис секторот

МКЦ – Битола води и координира проекти и програми поврзувајќи ги младите преку вклучување во настани кои ги истакнуваат нивните потенцијали во областа на волонтерството, неформалното образование, урбаната култура и граѓанските иницијативи.

МКЦ - Битола е член на Младинската мрежа на југоисточна Европа (South East European Youth Network SEEYN) од 2002 година. Од 2015 година сме национален координатор на активностите на Регионалната

платформа за социјални иновации во младинското вработување во југоисточна Европа - YOUSEE. Како национален Волонтерски центар на Македонија (ВЦМ), МКЦ - Битола е неформално вмрежена со 6 партнерски граѓански организации кои функционираат како Волонтерски Информативни Точки (ВИТ) во Тетово, Кавадарци, Прилеп, Свети Николе, Скопје и Струмица. Од 2019 до 2022 година МКЦ-Битола беше национален координатор на проектот ROUTE WB6 под лидерство на РИКО (RYCO) за воспоставување на регионална програма за размена на волонтери на Западен Балкан. Од 2024 година МКЦ-Битола е национална лидерска организација за Северна Македонија на глобалната волонтерска и хуманитарна акција Ден на добри дела (Good Deeds Day).

МКЦ - Битола е регионална канцеларија на ГА МОСТ, член на младинските платформи Национален младински совет на Македонија (НМСМ) и Сојуз за младинска работа (СМР), член на Платформата за борба против сиромаштија, Коалицијата Сите за правично судење, локалната Коалиција за борба против трговија со луѓе, Сојузот за развој на образованието за возрасни, Мрежата на овластени здруженија за бесплатна правна помош, Мрежа за поддршка на млади претприемачи, Платформата за медиумска писменост, Мрежата за финансиска одржливост на ГО, Мрежата на граѓански организации за реформа и развој на локалната и месната самоуправа „Заедница“, Јадро - Асоцијација на независната културна сцена, КООПЕРАТИВА – Регионална платформа за културна соработка и Европската мрежа на дебатни центри “Time to talk”.

## ВОВЕД

За повеќе од 24 години постоење, МКЦ – Битола се разви во одржлива организација со значајни капацитети за организирање на различни проекти и програми во Македонија, регионот на југоисточна Европа и пошироко.

МКЦ – Битола активно работи на промоција на волонтерството во Република Македонија, вклучувајќи во своите активности различни волонтерски програми наменети за младите луѓе. Деветнаесет години континуирано, преку најразлични активности, го одбележува 5-ти декември – Меѓународниот ден на волонтерите, а шеснаесет години организира доделување на национални волонтерски награди – златен сертификат за волонтерски ангажман. МКЦ – Битола од 2006 година години работи како национална канцеларија на Волонтерски центар на Македонија (ВЦМ) координирајќи ја размената на волонтери на локално, регионално и меѓународно ниво, едуцира волонтери, нуди консултативни услуги на други субјекти за волонтерски менаџмент и соработува со други локални и меѓународни организации кои промовираат слични вредности.

Во рамките на МКЦ – Битола функционира тренинг сервис преку кој континуирано се реализираат голем број на локални, национални и меѓународни обуки за развој на вештини, знаења и компетенции кај младите луѓе.

Од 2011 година, МКЦ – Битола е овластено здружение за давање претходна правна помош и е запишано во регистарот на здруженијата за претходна правна помош што го води Министерството за правда на Република Македонија.

МКЦ – Битола активно се вклучува во процесите на креирање на јавните политики на локално и на национално ниво, како и во мониторинг на трошењето на јавните пари на локалните власти, мониторинг на децентрализацијата и креирање и анализа на ефективни документи за јавни политики. МКЦ - Битола учествува во национални проекти како локален или регионален партнер при изработката на мониторинг извештаи (транспарентност и комуникации со јавност на општините, јавни набавки, децентрализација) кои се однесуваа на општините од Пелагонискиот регион. Дополнително, МКЦ – Битола води и активно се вклучува и во работни групи за креирање на национални и локални стратегии (Стратегија за унапредување и развој на волонтерството 2010-2015, Стратегија на општина Битола за соработка со граѓанските организации 2019-2022, Стратегија за волонтерство на општина Битола 2015 – 2018, иницијатива за формирање на локален младински совет на општина Битола, иницијатива за формирање на Национален младински совет, Локална стратегија за намалување на младинската невработеност на Ромите во општина Битола 2018-2020, воспоставување на Локален совет за волонтирање во општина Битола, подготовка на Акциски план на ЛЕСС Битола 2019 – 2022, Национална стратегија за промоција и развој на волонтерството 2021-2025, Стратегија за промоција и развој на волонтерството во општина Битола 2023 - 2026).

На крај, 2024 година ја обележа МКЦ – Битола како силна организација за млади, овозможувајќи им на таков начин активно учество на младите од Битола во подобрувањето на квалитетот на живот во локалната заедница.

Програмата за 2024 година беше реализирана со поддршка на: Меѓународниот центар Олоф Палме, ЕУ ИПА Програмите за прекугранична соработка на Европската Комисија со Република Албанија и Република Грција, Програмата Еразмус+, УНДП, субгрант од ЕУ ИПА национални фондови преку Националниот младински совет на Македонија, ИФЕС, општина Битола, МОФ, Центарот за граѓански комуникации и други спонзори и поддржувачи од бизнис секторот.



## ПРОГРАМА: УНАПРЕДУВАЊЕ, РАЗВОЈ И ПРОМОЦИЈА НА ВОЛОНТЕРСТВОТО

### 5 ДЕКЕМВРИ - ВОЛОНТЕРСКИ НАГРАДИ 2024

По повод 5-ти декември Меѓународниот ден на волонтерите, Младински културен центар – Битола (Волонтерски центар на Македонија) од 2006 година востанови Национални волонтерски награди. Целта е оддавање на јавно признание на волонтери кои се вклучуваат за доброто на својата заедница, помагаат на други и ја промовираат солидарноста, хуманоста и сите позитивни вредности на волонтерските активности.

Оваа година доделивме 2 златни сертификати за волонтерство:

ЗЛАТЕН СЕРТИФИКАТ ЗА ВОЛОНТЕРСТВО ВО 2024 ГОДИНА на
Организацијата МЛАДИ ОД СЕМЕЈНА РАЗНОВИДНОСТ
За волонтерската иницијатива за намалување на партиципацијата на студентите од еднородителски семејства

**Млади од семејна разновидност (Youth of Diverse Families)** е организација која работи во последните 4 години на разни иницијативи за помагање и поддршка на деца и млади од самохрани и еднородителски семејства. Нивните иницијативи вклучуваат: поддршка за ментално здравје од страна на психолози и доктори, работилници за да си ги дознаат нивните права и хуманитарни донации за едукација и покривање на основните потреби. Нивната најпозната иницијатива е за **намалување на партиципацијата на студентите од еднородителски семејства на факултетите во Републиката** во која иако законски не е засега засновано, секој државен факултет ја прифати нивната иницијатива и сега **овие студенти со еден родител учат со половина партиципација.**





ЗЛАТЕН СЕРТИФИКАТ ЗА ВОЛОНТЕРСТВО ВО 2024 ГОДИНА на
**Организацијата СОЈУЗ НА ИЗВИДНИЦИ НА МАКЕДОНИЈА**
**за волонтерската иницијатива БОРЕНКА**

**Боренка** е волонтерска иницијатива која почна со работа во нашата држава во декември 2022 година и се истакнува како клучен пример за одржливост и грижа за животната средина. Боренка е иницијатива за пошумување на опожарени подрачја во државата во организација на **Сојуз на извидници на Македонија и ЈП Национални шуми**. Боренка како главен дел од своите активности организира и спроведува:

- работилници за едукација на тема заштита на животната средина и превенирање на шумски пожари за ученици од основни училишта и
- акции за пошумување на опожарени подрачја

Со својата работа до сега, волонтерската акција **Боренка** има мобилизирано повеќе од **2.000 волонтери**, засадено повеќе од **55.000 садници**, пошумено **13 хектари** опожарена површина, спроведено повеќе од **90 едукативни работилници** со повеќе од **10.000 ученици** во повеќе од **40 основни училишта** низ целата држава.






## ДЕН НА ДОБРИ ДЕЛА (GOOD DEEDS DAY)

Младинскиот културен центар-Битола (МКЦ-Битола) како една од водечките волонтерски организации во нашата земја го иницираше, координираше и организираше **првиот Ден на добри дела во нашата земја,** со различни активности. Денот на добри дела е меѓународен ден на волонтерска и хуманитарна работа што започнал да се прославува од 2007 година, како иницијатива на непрофитна организација и има за цел да ги обедини луѓето од целиот свет да прават добри дела за другите жители на планетата. Во 2024 година во оваа глобална волонтерска и хуманитарна иницијатива беа вклучени повеќе од 110 земји во светот. Повеќе информации на глобалната веб страна: https://www.good-deeds-day.org/

Во нашата држава беа реализирани вкупно **11 волонтерски акции** со директно вклучување на повеќе од **250 волонтери** и повеќе од **750 корисници/учесници.** Преку објавите и написите на социјалните и традиционалните медиуми, неколку десетици илјади луѓе беа запознати со активностите на Ден на добри дела на национално ниво.




Денот на добрите дела во Македонија промовираше солидарност, волонтирање и помагање на ранливите и маргинализираните групи во општеството преку директно вклучување на волонтерите во правењето добро во нивните локални заедници. **Корисници на нашите акции беа ученици од основните училишта, жени жртви на семејно насилство, стари лица, лица со посебни потреби, матуранти од семејства корисници на социјална помош или од семејства со самохрани родители, болнички пациенти и други граѓани со потежок социјален и економски статус.**

Денот на добри дела 2024 беше национална акција во **7 градови** со поддршка и соработка на партнерите на МКЦ-Битола: **АДИ Гостивар, Паблик Лице в Лице Скопје, Организација на жени на општина Свети Николе, СППМД Кавадарци, Станица П.Е.Т. Прилеп и Ротари клуб Битола-Широк сокак.**



## ВОЛОНТЕРСКИ АКЦИЈА ВО СОРАБОТКА СО СОУ „ТАКИ ДАСКАЛО "– БИТОЛА

Волонтерска акција ја организиравме во партнерство со СОУ „Таки Даскало“ - Битола. **Донирани беа постелнини** за потребите на Дом за стари лица „Сју Рајдер" - Битола изработени од вредните раце на волонтерите средношколци од **текстилно-кожарската струка.** Дополнително, волонтерите од **угостителско-туристичката струка** направија **колачиња и прекрасни слатки** задоволства кои беа поделени на корисниците на Домот.





Волонтерите се дружеа со старите лица во Домот и собираа рецепти за правење на вкусни јадења од бабите и дедовците кои ќе бидат објавени во публикација на учениците од графичката струка. Прекрасен ден поминат со старите лица. Нивните задоволни лица беа супер награда и признание за трудот на сите волонтери вклучени во акцијата. Волонтерската акција беше поддржана од **Општина Битола и Локалниот Совет за Волонтерство на Општина Битола - ЛСВ.**

## ЛОКАЛЕН СОВЕТ ЗА ВОЛОНТЕРСТВО НА ОПШТИНА БИТОЛА

За Претседател на ЛСВ во 2023 година со мандат од две години, беше избран Извршниот директор на МКЦ-Битола, Златко Талевски. На предлог на ЛСВ во 2024 година општина Битола ја зголеми трикратно сумата за поддршка на волонтерски акции. Вкупниот буџет е зголемен на 300.000 денари годишно, со што можат да се поддржат поголем број на волонтерски иницијативи на граѓански организации во партнерство со образовни институции во општина Битола. ЛСВ активно работеше и на имплементација на дел од мерките кои се во акциониот план на Стратегијата за волонтерство на општина Битола 2023-2026. На веб страната на општина Битола се достапни сите информации за работата на ЛСВ на следниот линк: https://www.bitola.gov.mk/lokalni-soveti/

## ПРОГРАМА: ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ, ЗНАЕЊАТА, ВЕШТИНИТЕ И МОБИЛНОСТ НА МЛАДИТЕ ПРЕКУ НЕФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ

### ЕВРОПСКИ КАРАВАН

Наша младинска екипа од Битола, во јуни 2024 беше на музички камп во **Барселона, Шпанија** со учество на **25 млади луѓе** од Македонија, Белгија, Шпанија, Германија и Полска. Ова беше трета едукативна активност во рамките на проектот **„Европска караван мрежа“** финансиран од програмата Еразмус+ од Белгиската национална агенција. Младите луѓе беа вклучени во креативен процес на развој на нови мелодии инспирирани од глобалните звуци на мултиетничките заедници (од реге преку румба каталана, латино мелодии и ромски ритми). Младите го кренаа својот уметнички глас, за да бидат чуени.

Последната едукативна активност беше ораганизирана во Белгија на крајот на август и почетокот на септември 2024, а кулминација доживеа со **Финалниот перформанс** кој се одвиваше на улиците во Антверпен. **Јана, Александра, Лука, Леонид и Горјан** беа наши одлични претставници заедно со 40 млади креативни луѓе со интерес и/или талент за музика и театар.

**Документарниот филм** кој се снимаше за време на двогодишниот проект ќе биде промовиран на почетокот на следната година заедно со **Прирачникот** на проектот Европски караван.




Партнерски организации вклучени во проектот заедно со МКЦ-Битола се и Мадам Фортуна од Белгија (носител на проектот), Аларм Театар и Амародром од Германија, Талер де Музикс и Карабуци од Шпанија, Театар Брама од Полска и Бекос ју арт од Франција.

## МЛАДИТЕ ВО ЦЕНТАР

Проектот „Младите во центар“ продолжи со својата имплементација и во 2024 година. Оваа активност е дел од проектот „Заедници инклузивни за млади“, кој го спроведуваат Националниот младински совет на Македонија – НМСМ, во партнерство со Фондација за развој на локалната заедница – Штип, SFERA International Битола и Платформа за младинско јакнење ЈЕП – Гостивар, со финансиска поддршка од Европската Унија. Главната цел на проектот е подобрување на локалното владеење преку зголемена инклузивност и општествено влијание на младите во локалниот демократски живот.

Во текот на 2024 година беше финализиран процесот за инклузивна **подготовка на програмата за работа на општинскиот Младински центар Битола за 2024 година**. На **двата консултативни форуми** присуствуваа младински работници, млади, институции, советодавни тела за млади, претставници на младински организации и организации за млади со различна подзадина со цел да се обезбедат сите аспекти при креирањето на програмата за 2024 година на општинскиот Младински центар Битола. Исто така се реализира **кампања за промоција на Младинскиот центар – Битола (МЦБ)** како сервис за млади кој поттикнува младинско учество и преку успешната реализацијата се допре го поголема група на млади од општина Битола кои се информираа и запознаа со Младинскиот центар на општина Битола, сервисите кои ги нуди, улогата која ја има во заедницата, работата на МЦБ насочена кон младите како и промоција на тимот во МЦБ и организациите кои раководат при што се подигна јавната свест кај младите и се придонесе кон промоцијата на МЦБ.

Финално се имплементира **Обука за младински прашања и политики** за советници и јавна администрација во општина Битола која директно придонесе кон информирањето и зајакнувањето на капацитетите на Советот на општина Битола и јавната администрација надлежна за имплементација на младинските политики на локално ниво вклучително обврските кои произлегуваат од Законот за младинско учество.






## МЕЃУНАРОДНА МЛАДИНСКА РАЗМЕНА "ECO MEETING"



Меѓународната младинската размена **ECO MEETING - WATER CAMP** се одржа во август 2024 година во близина на **Умаг, Хрватска.** Младинската група од МКЦ-Битола беше дел од **60-те учесници од 8 земји од Европа** со кои заедно воспоставуваат нови европски мостови на соработка. Заедно градеа тимови, имаа едукативни еколошки активности, акции за чистење на околината и заедно учеа нови вештини со своите врсници. Во забавниот дел експериментираа со циркуски вештини и вештини на нуркање во прекрасниот Јадран. Проектот е со финансиска поддршка на програмата **Erasmus+ на Европската Комисија**.

## МЛАДИНСКИ НАСТАН – НОВА ЕНЕРГЕТСКА ВИЗИЈА ЗА БИТОЛА

На 10 јуни 2024 година во **Europe House Bitola** го организиравме настанот **„Нова енергетска визија за Битола"** во партнерство со **Еко-свест** кој составен од 3 компоненти:

- **Саем за технички изработки** на млади талентирани тимови од **СОТУ „Ѓорѓи Наумов" – Битола** кои се претставија со повеќе од 10 изработки – прототипови на модели кои претствуваа креативни решенија за намалување на потрошувачката на енергија, подобрување на енергетската ефикасност, обновливи извори на енергија – фотоволтаични и ветерни централи и сл.
- **Изложба на технички илустрации** кои се фокусираа на теми поврзани со производството, дистрибуцијата, складирањето или искористувањето на енергијата.
- **„Визија кафе"** - импровизиран кафе бар каде што посетителите имаа можат да си нарачаат кафе преку посебно крирано мени што ги содржеше Flagship проектите за регионите на Битола и Кичево.



На настанот присуствуваа повеќе од **250 учесници и посетители** (млади, ученици од основните и средните училишта, студенти, професори, родители, граѓански организации, претставници на фирми и локалната самоуправа).

## ЗЕЛЕНА ВИЗИЈА ЗА БИТОЛА

Проектот „Зелена визија за Битола" започна при крајот на 2024 година и ќе се реализира и во 2025 година. Целта на овој проект е придонес за заштита на животната средина и одржливиот развој преку едукација и вклучување на младите луѓе од општина Битола во промовирање на праведна транзиција и зелени работни места. Како специфични цели во рамките на проектот ги имаме градењето на капацитетите на младите од општина Битола за промовирање на праведна транзиција и зелени работни места, запознавање на младите од Битола со концептот за праведна транзиција и зелени работни места преку врсничка едукација и подигање на јавната свест за праведна транзиција и зелени работни места.

Во 2024 година се реализираа дел од предвидените активности. **Младинска работилница за праведна транзиција и зелени работни места** беше почетна активност чија идеја беше промовирање на нови иновативни форми на еколошка едукација и активизам кај младите, конкретно идејата е насочена кон претставување на еколошките проблеми од работата на термоцентралите и од фосилните горива и истовремено зголемување на свесноста од штетните последици врз животот на луѓето и животната средина и предлагање на решенија и инвестиции за надминување на оваа состојба. Исто така како дел од овој проект беа **инфо сесиите** за праведна транзиција и зелени работни места. Идејата на овие инфо сесии е да се пренесат стекнатите информации и знаења од младинската работилница на младинското јадро на своите врсници, да се актуелизира темата праведна транзиција кај младата популација како и да се влкучат младите во сите процеси кои се битни за нив и водат до подобрување на нивниот живот.








## ЛОКАЛЕН МОФ ЦЕНТАР

Второто полугодие на учебната 2023/2024 (јануари 2024 - мај 2024) функционираше само дебатниот клуб на МОФ центарот во рамките на МКЦ-Битола каде активни членови беа околу **20 средношколци**. Предавањата се одржуваа еднаш неделно. Во мај 2024 година се одржа дебатно национално првенство во Скопје. Учесници беа членови на сите дебатни клубови од државата. Од Битола, пет тимови, вкупно **15 членови зедоа учество на турнирот.** Во текот на август 2024 година се одржа и МОФ летна академија, каде **10 членови од центарот во Битола** беа дел од истата. Учесниците се дружеа и учеа заедно со членови од другите локални центри во текот на целата недела.

Новата учебна година (септември 2024 - декември 2024) започна традиционално со регрутација низ средните општински училишта. **185 средношколци** беа пријавени да ги посетуваат двата МОФ клубови во Битола, **дебатен и новинарски клуб.** Поради големиот интерес, членовите на дебата се поделени во две групи. Одржани беа 20 предавања во 10 недели. Во декември 2024 година се одржа дебатен турнир. Од клубот во Битола, учествуваа 15 дебатери и 2 судии. За прв пат во историјата на МОФ центарот во Битола функционира и новинарскиот клуб. Овој клуб одржа вкупно пет предавања, а предавач на клубот е дипломиран новинар за поефективно учење.

## ЕХО НА УМЕТНОСТА – МЕЛОДИИТЕ НА БИТОЛА

Иницијативата „Ехо на уметноста: мелодиите на Битола“ ја промовира уличната уметност како важна граѓанска акција, средство за борба против социјалната исклученост и говорот на омраза во заедницата, особено кон ранливите групи граѓани, како и важен двигател за обезбедување на демократијата и демократските вредности. Еден од клучните моменти во иницијативата се младите кои се вклучија во креирањето на поубава Битола преку **мурал во ОУ „Елпида Караманди“ – Битола**, веднаш кај новото игралиште што моментално е најфрекфентно место за млади.





Потребата за културно изразување кај младите не е само потреба за индивидуално изразување, туку и за градење идентитет, социјална поврзаност, општествена ангажираност и споделување на вредности и искуства. На **Отворениот ден за млади** младите талентирани уметници од Битола имаа можност да настапат пред битолската публика со своите ликовни, графички и музички творби. Настанот започна со **младинска дебата** каде што дебатерите од дебатниот клуб при локалниот МОФ-центар во Битола што го

администрира МКЦ-Битола, ги бранеа афирмативните и негативните аргументи на тезата **„Овој Дом верува дека вештачката интелигенција ја намалува креативноста кај младите“.**





Во уметничкиот дел беа претставени изработките на учесниците што беа креирани за време на работилниците во склоп на проектот, како и делата на млади битолски уметници – аматери, со своите ликовни дела во различни техники. Од професионалните уметници се претставија: **Ангела Каранфилова, Душан Шешиќ, Мартин Јакимовски и Михајло Тунев**. Музичкиот дел од настанот го сочинуваа настапите на **Еверест бенд, Tsar Von Time и бендот Спектра**. Целта на самиот настан беше да се поддржи урбаната култура како средство за изразување и поттикнување на младински активизам и младински ангажман во Битола.

Проектот „Ехо на уметноста: Мелодиите на Битола“ на Младински културен центар – Битола се спроведе во рамки на Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан 2 – ReLOaD2, финансирана од Европската унија (ЕУ), а имплементирна од Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП). Проектот „Ехо на уметноста: Мелодиите на Битола“ е ко-финансиран од Општина Битола.

## МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР НА ОПШТИНА БИТОЛА - ОБУКА

Во месец април 2024 година во Младинскиот центар реализиравме **обука за меки вештини и застапување.** Целта на обуката за меки вештини и младинско застапување беше да ги подготви младите луѓе да ги развијат своите вештини за јавно говорење, преговарање, социјална и политичка ангажираност, разбирање на важни принципи за демократија и граѓанско учество, лидерство и тимска работа. Ова ќе им помогне на младите да станат посветени и ефективни застапници на своите ставови и интереси.

Оваа активност се имплементираше во рамките на проектот **„Млади за инклузија, еднаквост и доверба“.** Проектот беше финансиран од страна на Фондот за мир на Обединетите нации, имплементиран од страна на Општина Битола и Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во соработка со УНФПА, УНЕСКО и UN Women.

## ПРОГРАМА: РАЗВОЈ НА ДЕМОКРАТИЈАТА, ЕДНАКВИТЕ МОЖНОСТИ И ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

### УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИОТ ДИЈАЛОГ ВО ЗАЕДНИЦАТА

Проектот обезбеди приспособена поддршка за зајакнување на капацитетите на **Локалните економско-социјални совети (ЛЕСС)** за управување со социјалниот дијалог. Тоа го олесни подлабокото ангажирање меѓу локалните власти, синдикатите, работодавачите и граѓанското општество за да се осигура дека политиките се инклузивни, демократски и ги одразуваат локалните потреби. Во 2024 година продолживме со поддршка на Локалните економско-социјални совети (ЛЕСС) за промовирање на социјалниот дијалог. Проектот овозможи посуштинско ангажирање и соработка меѓу локалните власти, синдикатите, работодавачите и граѓанското општество со цел да се осигура дека политиките се инклузивни, демократски и ги одразуваат локалните потреби.




Поддршката опфаќаше организација на активности за јакнење на капацитетите, вмрежување и размена на искуства за членовите на ЛЕСС, како и стимулирање на локален социјален дијалог преку **две панел дискусии во Гостивар и Битола и граѓански форум во Крива Паланка** на значајни теми од областа на **праведната транзиција, жените на пазарот на труд, управувањето со отпад, сообраќајниот метеж** итн. Успешно се реализира и **обука** на членовите на ЛЕСС на тема социјален дијалог и работнички права, **студиска посета на ЛЕСС** во општина Кавадарци како и национален **настан за вмрежување** „Како до поактивен ангажман на ЛЕСС во општините“. Покрај веќе вклучените ЛЕСС од општините Битола, Ресен, Струга, Тетово, Гостивар, Кавадарци, Штип, Свети Николе и Демир Хисар, во 2024 година преку нашиот проект, во соработка со општина Крива Паланка, **успешно е завршен процесот на формирање на прв Локален економско-социјален совет (ЛЕСС) на општина Крива Паланка.**

МКЦ Битола го спроведува проектот со поддршка од Меѓународниот центар Олоф Палме од Шведска.

## СТУДИСКА ПОСЕТА НА ЛЕСС ВО СЛОВЕНИЈА




Во јуни 2024 година МКЦ Битола беше организатор на **студиска посета на Словенија**, поточно на регионите Савињско-Салешка и Засавје во коишто тече процесот на праведна енергетска транзиција со поддршка на Европската унија. Македонската група беше составена од **10 претставници** на различни актери во социјалниот дијалог - локална администрација, синдикати, организација на работодавачи и граѓански организации. Студиската посета создаде можности за вмрежување и поблиска соработка меѓу актерите во социјалниот дијалог од двете земји, со фокус на праведната транзиција.

## ЈАВНА ДИСКУСИЈА – ПРАВЕДНА И ЗЕЛЕНА ТРАНЗИЦИЈА ЗА БИТОЛА

На 1 ноември 2024 МКЦ-Битола во соработка со Локалниот економско-социјален совет на општина Битола (ЛЕСС - Битола) организираше **јавна дискусија** на тема „Праведна и зелена транзиција за Битола“. На дискусијата зедоа учество 48 локални чинители, претставници од локалната самоуправа, бизнис секторот, синдикатите, образованието, граѓанскиот сектор, медиумите итн.



На дискусијата беше истакнато дека процесот на праведна и зелена транзиција треба да ги земе во предвид еколошките проблеми од работата на термоцентралите и употребата на фосилните горива, но истовремено и реалните можности кои не би предизвикале економска катастрофа во општина Битола, преку имплементација на избрзани или неефикасни мерки и губење на работни места. Овој процес е полн со предизвици, но нуди и **огромни можности за развој и инвестиции** во обновливи извори на енергија кои ќе отворат нови „зелени“ и добро платени работни места. Настанот се реализира во рамките на програмата за одбележување на **4-ти ноември – денот на ослободувањето на Битола.**

## ГРАЃАНСКА АЛИЈАНСА ЗА ПРОМЕНИ НА ЛОКАЛНО НИВО – ФОРУМ ЗА ГРАЃАНСКИ ДИЈАЛОГ

Како дел од Граѓанската алијанса за прогресивни промени на локално ниво Младински културен центар-Битола во 2024 година работеше во две општини и тоа Демир Хисар и Крушево. Во рамките на оваа иницијатива беа реализирани **два мониторинг процеси,** по еден во град, за реализацијата на граѓанските приоритети. За таа цел беа реализирани и серија на разговори со релевантни претставници на општинските власти. Дополнително за промоција на резултатите од мониторинг процесите како и да се даде простор за вклучување и дискусија со граѓаните во однос на приоритетите за 2024 година беа реализирани и **две јавни дискусии во Демир Хисар и Крушево** каде присуствуваа граѓаните, претставници на општинската администрација и граѓани.  Форумот за граѓански дијалог е поддржан од меѓународниот центар Олоф Палме од Шведска.

## ЗАШТИТА ОД КОРУПЦИЈА

Во проектот "Заштита од корупција" Младински културен центар-Битола како партнер на Центар за граѓански комуникации од Скопје во 2024 година го спроведе **Истражувањето за продажба на градежно земјиште во државна сопственост.** Ова истражување е дел од активностите кои произлегуваат од проектот на територија на општина Битола. Проектот вклучува активности за намалување на корупцијата и злоупотребата на јавните средства на локалните самоуправи преку зголемување на транспарентноста, отчетноста и интегритетот на локалните институции и спроведување на мерките предвидени во Националната стратегија за превенција на корупцијата и судир на интереси 2021-2025. Проектот се спроведува со финансиска поддршка од Кралството на Холандија.

## БЕСПЛАТНА ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ

Правото на примарна правна помош, согласно Законот за бесплатна правна помош, во првата половина од 2024 година го искористиле вкупно **62 граѓани,** најголем дел од општина Битола. Корисниците на ова право, во рамките на канцеларијата на МКЦ-Битола се стекнаа со иницијален правен совет, општа правна информација, општ правен совет, но и дел од нив се стекнаа со помош при пополнување на формулари и обрасци потребни за отварување одредени права. Правата од социјална заштита, семејното право, имотно – правните односи, кривичното право и постапките пред нотар и извршител беа најчести правни прашања за кои се обраќаа граѓаните. Истовремено, во периодот јануари – јуни 2024 година **3 граѓани се стекнаа со право** на бесплатна секундарна правна помош за поведување постапка за развод на брак, за што постапките пред Основен суд Битола се во тек.

Со цел навремено обезбедување на услугата примарна правна помош и оваа година се продолжи соработката помеѓу МКЦ-Битола и институциите кои работат со целни групи кои имаат потреба од бесплатна правна помош.

## СОЦИЈАЛНО МЕНТОРСТВО - ПАБЛИК

Програмата социјално менторство (менторство за работна интеграција) во МКЦ-Битола веќе 5 години континуирано се спроведува од страна на социјалната менторка Ирена, во соработка со Асоцијација за истражување, комуникации и развој Паблик – Скопје. Во текот на 2024 година беа менторирани **седум лица, 6 женски и 1 машко лице, на возраст помеѓу 19-45 години.** Менторираните лица беа од различна ранлива категорија (припадници на ромска заедница, млади лица, лица со попреченост, самохрани родители) и секое од нив беше менторирано во период од по 6 месеци. Резултатите во поглед на

работен ангажман на менторираните лица е одличен, **односно 5 од овие 7 лица се во работен ангажман повеќе од половина година** и целосно е променет погледот кон животот на овие лица, а едно од нив по завршување на курс за тетовирање во рамките на процесот на социјално менторство работи и дополнителна работа поврзана со тетовирање преку која се стекнува со дополнителен приход. Останатите 2 лица во рамките на процесот на социјално менторство се стекнаа со работен ангажман или вработување, но истиот беше прекинат од страна на менторираните лица.




Се со цел опфат на што поголем број лица и нивно економско зајакнување менторката Ирена, заедно со останатите ментори, под водство на Паблик од Скопје, постојано се надоградуваат и ги зајакнуваат нивните знаења и вештини се со цел опфат на што повеќе различни ранливи категории на граѓани.

## ЛИЦЕ В ЛИЦЕ - ПАБЛИК

МКЦ - Битола како дел од мрежата на партнерски организации кои ја поддржуваат и помагаат дистрибуцијата и промоцијата на **уличното списание Лице в лице** преку теренска продажба продолжи и во текот на 2024 година да ја поддржува нашата продавачка Мубија за продажба на уличното списание. И оваа година тековно се продаваа списанијата, добрите картички и новогодишните картички со кои граѓаните на општина Битола имаа можност да ги купуваат во текот на целата година. Со купување на некој од Лице в лице продуктите од страна на граѓаните, но и од страна на бизнис секторот и институциите придонесуваме да **Мубија продаде над 2.000 продукти** и со тоа обезбедивме стабилност и одржливост на нејзиниот работен ангажман, односно можност за остварување приход со којшто се издржува себе си. Поддршката од МКЦ-Битола продолжува и понатаму, со надеж дека од година во година ќе се зголемува бројот на продадени Лице в лице продукти.

## РЕГИОНАЛНА КАНЦЕЛАРИЈА НА НМСМ

Како регионална канцеларија на Националниот младински совет на Македонија, МКЦ-Битола, ги имплементираше и се вклучуваше во годишните активности предвидени во програмите на НМСМ за **Пелагонискиот регион.** Исто така МКЦ- Битола учествуваше на настани, конференции, годишни собранија и други активности организирани од НМСМ.

## ПРОГРАМА: ПОДДРШКА И РАЗВОЈ НА УРБАНА КУЛТУРА

## МЕЃУНАРОДЕН МЛАДИНСКИ АРТ ФЕСТИВАЛ „БИТОЛА ОТВОРЕН ГРАД 2024“

Ја славиме урбаната култура! Фестивалот „Битола отворен град” го реализираше своето 23-то издание. Битола, град познат по бројни автентични културни настани, повторно беше домаќин на фестивалот „Битола отворен град“. Сега во својата 23-та година, овој фестивал продолжува да биде промотор на урбаната култура, славејќи ја креативноста, музиката и духот на заедницата.

„Битола отворен град” е фестивал со неверојатна историја и музички настани на кои со задоволство ќе се сеќаваат идните генерации. Фестивалот повеќе од две децении се развиваше не само како музички хепенинг туку како платформа на која ќе бидат обединети интересите на генерациите. Фестивалот „Битола отворен град” секогаш дава поддршка на младите неафримирани уметници кои прават квалитетна уметност и музика.

Но, фестивалот не е само музика. Исто така, служи како платформа за млади креативци и иновативни стартап бизниси. Оваа година го воведовме **Денот на креативни индустрии**, на кој учествуваа повеќе од десетина изложувачи од светот на модата, дизајнот и одржливите практики. Присутните имаа можност директно да се вклучат со овие креативни претприемачи, истражувајќи ги најновите трендови и идеи во индустријата.

Дополнително, фестивалот го оживеа својот **креативен камп**, во кој учествуваа 12 млади уметници од Србија и Македонија. Под менторство на ликовен педагог, тие се вклучија во колаборативен креативен процес, кој кулминираше со изложба и премиера на **краткиот филм „Слобода“ на Златко Гелевски.**

„Битола отворен град“ продолжува да биде **мултимедијален интердисциплинарен фестивал на урбаната култура, нудејќи алтернатива на мејнстримот** и поттикнувајќи чувство на заедништво кај својата разновидна публика. Овогодинешното издание привлече посетители од цела Македонија и пошироко, покажувајќи го уникатниот урбан шарм и културната живост на Битола.



23 години - простор за спојување на сите бои на градот 💋

23 генерации - биле дел од креативните сили на еден фестивал 💋

23 пати - простор на кој се создавала бесконечна позитивна енергија 💋

Независната културна асоцијација **РЕМОНТ од Белград**, позната по својот динамичен и авангарден пристап на современата уметност низ општествената призма, учествуваше на **панел дискусија на фестивалот „Битола отворен град“.** Разговорот се фокусираше на улогата и предизвиците со кои се соочуваат младите уметници денес. Покрај дискусијата за технолошкиот напредок, панелот се осврна и на социо-економските бариери со кои често се соочуваат младите уметници. Вечерта, во дворот на МКЦ Битола кој беше локација за овој панел свој сет имаше **DJ Chico.**

**SUNSET VIBES** во КЛУБ ЈАГОДА со **DJ-set на артистката од Белград, Србија DJ BAJ:NO** - со настан посветен на креативните индустрии. Спој на уметност, дизајн и иновации додека креативците и некои стартапи од областа на дизајнот и модата ги прикажуваат своите колекции. Од визуелни уметности ставени на аксесоари и маици до рециклирани предмети кои наоѓаат примена во секој дом во кој живеат естети. Овој настан го истакна потенцијалот и различноста во креативниот сектор кај нас.







**Музичкиот хепенинг** го организиравме на Ракометното игралиште во Битола - **авторска урбана вечер на македонска музика** со настапите на: Настанот започна со прослава на јубилејот 30 години од првиот техно албум - **ILE THE HAIR** (Илија Талев), продолжи со **АРЕА** која е македонска рок приказна која трае и за прв пат имаа настап на на БИТОЛА ОТВОРЕН ГРАД, а кулминираше со настапот на **АРХАНГЕЛ** кои се синоним за македонска музичка авангарда од 1988 година. И денес после толку многу години, АРХАНГЕЛ е актуелен. Нивниот опус стои како емоција во нашата колективна меморија, па и денес во вака конституиран суров свет каде токму емоциите губат на значење. Меѓутоа, кога човек ќе ги потисне емоциите, тие му се враќаат „како казна, како горка измама“ ќе кажат стиховите на Вртев.




Промотивните материјали, фестивалската приказна и ПР-от и оваа година придонесоа за дисеминација на заложбите на фестивалот Битола отворен град, да ја **обедини прогресивната креативна енергија** на младите луѓе од Европа, да обезбеди простор за нивна меѓусебна комуникација користејќи ја уметноста како алатка и да ја промовира Битола како град со силен културен идентитет и Европски дух. Фестивалот беше поддржан од Министерството за култура, Општина Битола и комерцијални спонзори.











## BITOLA OPEN CITY FESTIVAL CAMP 2024

Проектот „Bitola Open City Festival Camp 2024“ беше финансиран од Регионалната канцеларија за младинска соработка **(RYCO)** во рамки на проектот **Western Balkans Youth Cultural Fund**, додека Младински културен центар – Битола овој камп го спроведуваше како дел од целокупната програма на Битола отворен град 2024 година. Како главен резултат од проектот е **поттикнатата соработката помеѓу младите од Македонија и Србија** и придонесот во поттикнувањето на помирувањето и градењето на култура на разбирање и дијалог, а со тоа и придонес кон демократскиот развој како предуслов за европската интеграција на земјите од Западен Балкан.

Младите учесници на културниот камп во текот на периодот 26-29 јуни 2024 година, заеднички работеа на **културен производ** кој беше прикажан пред јавноста како дел од програмата на фестивалот Битола отворен град 2024 година. Процесот на креирање на културниот производ беше раководен од двата камп лидери. Културниот производ беше резултат на дискусија и придонес од страна на младите учесници од двете земји, а се однесуваше на нивните социјални проблеми со кои се соочуваат секојдневно. Културниот производ од овој камп треба да претставува пример за детектирање, реакција и чекор кон решавање на социјалните проблеми на младите преку користење на културни алатки. Финалниот културен производ како продолжение беше претставен во локалните заедници во двете земји, од каде што потекнуваат младите, во форма на видео проследено со јавна дискусија.



## ИПА ПРОЕКТ SMART4YOU2

Проектот **Smart4You2** е кофинансиран од Европската Унија, во рамките на третиот повик во рамките на Прекуграничната програма Република Северна Македонија – Република Албанија во рамките на распределбите на Инструментот за претпристапна помош (ИПА II) за 2018 – 2020 година. Основната цел на проектот е развој на туристичките потенцијали на прекуграничниот регион, преку промоција на културното наследство и вредностите што ги поседува регионот.

МКЦ-Битола во текот на 2024 година организираше менторска поддршка на **22 претставници** на мали бизниси, занаетчии, туристички оператори и претприемачи од двете страни на границата, за развој на нивните мали бизниси и претприемачки идеи, кои ќе бидат вклучени во нови туристички понуди во регионот на Битола и Корча. Во септември го организиравме настанот **„Традицијата како начин за комуникација“** со настапите на **КУД Илинден – Битола** и гостите од Албанија **Културниот центар „Ансамбли Деволи“ од Корча.**

Во декември во рамките на настанот **ARTQUAKE** започнавме во уникатниот простор на **Food Republic** каде ја славевме врската помеѓу културата, гастрономијата и туризмот. Потоа го промовиравме **Пит Стоп Тотем** - нов симбол на Битола, иновативна инфо-точка која го поврзува богатото културно наследство на Битола со современите туристички можности. Финалето на ARTQUAKE како футуристичка новогодишна честитка ѝ се случи на Битола на 26-ти декември. Таа вечер Битола стана живо платно каде што современата уметност и дигиталната технологија ги редефинираа границите на можностите. ARTQUAKE не беше само настан – тоа беше феномен, момент во времето што го редефинира нашиот однос со просторот, звукот и светлината. Како што модерната уметност го трансформираше 20-тиот век, така ARTQUAKE ја отслика трансформацијата на нашата реалност денес. Финалниот чин, кој се одигра во Пациото на Завод и Музеј Битола, ги спои звукот и визуелното во спектакуларна хармонија.



DJ сетот на **Александар Гроздановски – Херцел** беше беше звучна архитектура на емоции, надополнета со футуристичниот видео-мапинг на **Сергеј Светозарев**, што ја трансформираше ноќта во жив организам.

ARTQUAKE ја пренесе публиката во свет каде што уметноста не само што ја преобликува иднината, туку и ја предизвикува сегашноста.  Тоа беше место каде границите меѓу уметникот, публиката и просторот беа целосно избришани, а традицијата и иновацијата се соединија во уникатна синтеза. ARTQUAKE не беше само културен настан за Битола, туку културен момент што може да го инспирира целиот регион. Тоа е потсетник дека уметноста секогаш го има последниот збор – збор што го редефинира начинот на кој ја перцепираме реалноста.





## МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ЏЕЗОТ ВО БИТОЛА 2024




**МКЦ-Битола (официјален младински клуб на УНЕСКО**) за одбележување на Меѓународниот ден на џезот организираше концерт на **„СИН ПУСТИЊЕ“ (Синот на пустината)** во вторник на **30 април 2024 година** со почеток во 22.00 часот во кафе бар порта Џез во Битола.

**„СИН ПУСТИЊЕ“ е поетско-музичка авантура на двајца уметници од Сараево (БиХ), поетот и прозаист Ахмед Буриќ, на кој му се придружува пејачот, инструменталист и истражувач на Севдах Дамир Имамовиќ. Во проектот се познатиот гитарист Тони Китановски (МКД) и Иван Михајловиќ (СРБ) на бас.**

Во проектот станува збор за искуството и интерпретацијата на музиката и поезијата која ги сумира различните интереси и вештини на уметниците кои досега ги познававме од другите жанрови. На концертот Буриќ, Имамовиќ, Китановски и Михајловиќ изведуваат дванаесеттина песни од нивниот прв албум, како и некои други ставки кои на изведбата во живо му даваат комплетна форма и атмосфера. **Истиот ден, во Битола Мастерклас одржа легендата на македонската џез музика, гитаристот Тони Китановски. Темата на Мастеркласот беше „Џез – музика на човековиот род“.** Влезот за настаните беше бесплатен.

Овој концерт по јубилеен десетти пат ја стави Битола на глобалната мапа на градови кои го одбележуваат Меѓународниот ден на џезот и ги слават вредностите кои тој ги промовира. Битола ја ставаме на иста линија со светските метрополи кои имаат почит кон уметноста како начин на живот и извор на енергија не само за уметниците туку и за обичните граѓани. **Настаните се организираа во партнерство со Порта Џез и со финансиска поддршка на Министерството за култура и Општина Битола.**

## УРБАНА АГЕНДА

Со поддршка на Швајцарската Амбасада и фондови на СДЦ го започнавме проектот Урбана Агенда за поддршка на независната културна сцена во градот и регионот.

Програмата Урбана агенда придонесе за децентрализација на уметничката продукција и програма насочена кон живата култура, независната културна сцена, културниот процес и уметничките практики кои ги вклучуваат и уметниците и публиката. Оваа програма го разбуди независниот културен сектор во Битола и ги инспирираше независните уметници да творат и да ги презентираат своите уметнички впечатоци.

Урбана Агенда директно ја поддржа и презентираше работата на повеќе од **75 уметници од независната и алтернативна културна сцена од Битола и од целата земја (14 стрип уметници, 12 уметници за креативно пишување/фанзин, 2 уметнички фотографи, 20 претставници на независни креативни индустрии и повеќе од 30 млади музичари).** **Две работилници и седум јавни настани** реализирани преку Урбана Агенда привлекоа повеќе од **1000 учесници и посетители на настаните.**

**РАБОТИЛНИЦА ЗА КРЕАТИВНО ПИШУВАЊЕ** во соработка со **Дума Ин Сума** одржана на **29 февруари 2024**.

Кои се главните елементи за развој на приказна и лик? – Како се создаваат раскази и како се развива лик – Како се користи креативното пишување кај измислените ликови? – Како да се користи вештачката интелигенција при визуелизација на ликот?

**ИЗЛОЖБА НА УМЕТНИЧКА ФОТОГРАФИЈА** на **ГЛИГОР КОНДОВСКИ „ИМПРОВИЗАЦИИ“** Порта Џез Битола на **30 април 2024 година.**

Фотографиите на Глигор Кондовски се сценски фотографии во вид на комбинирано спојување помеѓу визуелна и аудитивна (музичка) импровизација специфична за џез музиката.







**ИЗЛОЖБА НА ФАНЗИНИ** во кафе бар Улаф Сте – Стара битолска чаршија на **11 мај 2024 година.**

Мала книгичка или фанзин е неофицијално издание создадено ентузијастички и панкерски, по „направи сам“ техника, а обработува одреден културен феномен, како на пример литературен или музички жанр. Фанзините се користат за споделување идеи и креативно изразување.





**ИЗЛОЖБА НА ЖЕНСКИ СТРИП** во соработка со Стрип центар на Македонија – Велес во кафе бар Училница во Битола на **26 јуни 2024 година.**

Дали поимот „женски стрип"' ја сведува креативноста на женските авторки на нивниот пол или се обидува да означи одреден жанр на стрипови што наводно ја интересира женската публика? Дали некогаш се зборува за „визави" машки стрип? Дали креативноста е ограничена на нивниот пол? Какво им е местото денес и дали стрип автор(к)ите од регионот се соочуваат со истите проблеми со кои се соочуваат и авторите од западните земји?






**КОНЦЕРТ НА МЛАДИ БЕНДОВИ** во Скејт Парк Битола на **29 јуни 2024 година** со настап на **PARANOJA** (рап/трап група на млади артисти на кои пишувањето на текстови и креирање на трап песни им е голема љубов и го издигнуваат нагоре битолскиот трап), **TSAR VON TIME** (кои свират и создаваат музика која спаѓа во жанровите на експериментален рок и прогресивен поп), **SUNSHIFT** (рок бенд од Битола, формиран во 2023 година. Во 2024 започнуваат со настапи во живо во Битола, моментално работат на нивниот деби албум кој ќе биде издаден на крајот на 2024 година).






**КОНЦЕРТ НА МЛАДИ БЕНДОВИ** во **кафе бар Радост-Битола** на **26 октомври 2024 година** со настап на **RED18** (бенд од Скопје, кој постои од 2022 година. Тие прават музика каква што сакаат, а на нивните настапи не може а да не танцувате), **BASEMENT CULT** (нивниот звук и стил се одликуваат со експериментирање и иновативност, што ги прави уникатни на македонската музичка сцена), **DAMAGECONTROL** (артист и диџеј од Скопје, кој ги истражува различните звучни полиња на македонската младина и ја покажува својата перспектива на модерната музика).







**МУЛТИМЕДИЈАЛЕН НАСТАН „СПОЗНАВАЊЕ“** одржан на **9 ноември 2024** во МКЦ-Битола. Промоција на најновото петто издание на списанието **СПОЗНАВАЊЕ,** проекција на 3 играни краткометражни филмови во соработка со **Младинскиот филмски фестивал**. Дополнително беше одржан **БАЗАР НА МЛАДИ КРЕАТИВЦИ** со учество на **ЛОМ ЛАБЕЛ** (алишта), **ЕМИЛИЈА ТРАЈКОВСКА** (фотографии), **УРБАНИУМ** (литература), **СПОЗНАВАЊЕ** (списанија), **ЛУНА АДИТЕЈА** (алишта), **БОЈАНА ИСИЈАНИН** (фотографии), **ПОНДЕР** (литература), **MM CREATIONS** (рачна изработки), **ПАРТИЗАНСКА ШТАМПА** (плакати), **СЛОВОКУЛТ** (литература), Изложба - **2ND CYCLE** (ламби) и други.

Настанот заврши со концертите на **ОГНЕН ЗЛАТАНОВ И ТЕА ШАЛДЕВА** (Грубиот и мрачен, еволуиран пост панк звук на Златанов ги обединува годините посветено изучување и изведување најразлична музика во карактеристичниот, современ и длабоко интимен израз по кој се истакнува неговата авторска музика) и групата **АЛЕМБИК** (нивната музика е обид за спој и реобмислување на различни музички жанрови, користејќи експериментални и атипични начини на произведување звук преку алхемиска игра со музичките елементи).

Објектот на МКЦ-Битола беше една голема креативна и уметничка сцена.





**ИЗЛОЖБА НА УМЕТНИЧКА ФОТОГРАФИЈА** на **ЕМИЛИЈА ТРАЈКОВСКА** во МКЦ-Битола на **14 декември 2024 година.**

Специјализирана во црно-белата фотографија, нејзиниот објектив најчесто ги „заробува" емоциите на музичката сцена. Емилија е доказ дека фотографијата не е само техника или занает, туку уметничка форма способна да дестилира емоции и да конструира слоевити визуелни наративи со трајна резонанца.





Урбана Агенда докажа дека има **енергична независна културна сцена** во Битола и на национално ниво и дека има „гладна" публика која сака да биде дел од оваа сцена и да присуствува на културни настани кои не се дел од мејнстрим институционалната култура или турбо фолк кичот.

## КООПЕРАТИВА – РЕГИОНАЛНА ПЛАТФОРМА ЗА КУЛТУРА

Претставници на МКЦ – Битола присуствуваа на **Генералното собрание на Кооператива 2024 кое се одржа во Загреб, Хрватска** и се фокусираше на идната визија и стратегии на Кооператива, фокусирани на нашите заеднички вредности на мир, пријателство, солидарност и взаемна поддршка. Членовите од целиот регион се собраа за да развијат нов план и да поставаат насоки за идните активности, земајќи го предвид локалниот и националниот контекст, како и пошироката геополитичка ситуација. Во рамките на подготовките за новиот стратешки период, Генералното собрание имаше за цел да создаде сеопфатен патоказ кој не само што ќе одговори на локалните предизвици, туку и ќе го позиционира регионот во променливата динамика на меѓународните односи, особено во контекст на продлабочување на поделбите и конфликтите кои сè повеќе се појавуваат на различни фронтови.








Во рамките на нашата соработка со платформата Кооператива и на предлог на МКЦ-Битола се организираше работилницата **„е-ЛАБ Стратегии и заблуди на критичкото пишување“ со Иван Додовски.** Оваа работилница имаше за цел да им обезбеди на уметниците и културните работници витални вештини за критичко пишување, фокусирајќи се на стратегии за ефективно расудување, опис и аргументација за застапување за нивните каузи и сигурна поддршка за нивните проекти. Е-Лаб е активност во рамките на програмата КАМП, пилот-програма за заедничка соработка помеѓу членките на Кооператива која има за цел да ги зајакне капацитетите преку меѓусебен пренос и размена на експертиза, знаење и вештини.

## ПРОГРАМА: ОРГАНИЗАЦИСКИ РАЗВОЈ

Во рамките на оваа програма вработените, членовите и волонтерите на МКЦ-Битола учествуваа во голем број на обуки, работилници, семинари и конференции за зголемување на знаењата и вештините. Дел од темите на кои имавме учесници во обуките беа фокусирани на антикорупциски практики, социјално менторство, волонтерски менаџмент, граѓански активизам, финансиско управување и администрација, вештини за вработливост и други.

**КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ:**

МЛАДИНСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР – БИТОЛА
ул. Цар Самоил 29, Битола 7000 Северна Македонија
Тел. 047 233 020
Е-маил: mkcbt@t.mk
Веб: www.mkcbt.org.mk
https://www.facebook.com/mkcbt/
https://www.instagram.com/mkcbitola/
https://x.com/mkcbitola

Младински Културен Центар-Битола МКЦ